**Известување за концентрација со која АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о., Словенија ќе стекне контрола над имот во сопственост на друштвата ДСВ Контракт Логистикс, услуги за логистика, д.д., Словенија, ДСВ Роад д.о.о., Словенија и ДСВ Роад Аустриа АГ, Австрија (предмет бр. 08-107/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 07.07.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о., со регистрирано седиште на Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Република Словенија ќе стекне единствена контрола над имот во сопственост на друштвата ДСВ Контракт Логистикс, услуги за логистика, д.д., со регистрирано седиште на адреса Брнчичева улица 51, 1231 Љубљана, - Чрнуче, Република Словенија, ДСВ Роад д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Стружево 90, Крањ, Република Словенија, и ДСВ Роад Аустриа АГ, со регистрирано седиште на адреса Готтфриед-Шенкер-Штрасе 1, Виена, Република Австрија, по пат на купопродажба на имот.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

АЛФИ РЕ, управување со алтернативни инвестициски фондови, д.о.о. (во понатамошниот текст: „АЛФИ РЕ“) е друштво за управување со алтернативни инвестициски фондови и е регистрирано во Агенцијата за пазари за хартии од вредност на Словенија. АЛФИ РЕ е регистрирано во име и за сметка на фондот АЛФИ РЕ, СИС. АЛФИ РЕ е дел од АЛФИ Групата.

АЛФИ Групата е активна првенствено во управувањето со инвестиции и имоти, особено во областите на малопродажбата, наплатата на долгови и други алтернативни инвестиции. АЛФИ Групата врши анализа на (потенцијални) инвестиции и управува со инвестициските фондови, додека самото управување со инвестициите делумно им е доверено на други друштва во групата.

Во својот поширок состав, АЛФИ Групата го има следново зависно друштво регистрирано во Северна Македонија:

- АПОЛЛО МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса ул. „Перо Наков“ бр. 124 Скопје – Гази Баба, кое е активно со продажба на големо на играчки, квалитетна опрема за деца, детски додатоци и текстилни производи за деца.

Меѓутоа, АЛФИ Групата во моментот нема инвестиции, ниту деловни активности во областа на управувањето со недвижности во Република Северна Македонија.

Имотот којшто е предмет на Предложената трансакција е во сопственост на следните друштва:

(i) ДСВ Контракт Логистикс, услуги за логистика, д.д., со регистрирано седиште на адреса Брнчичева улица 51, 1231 Љубљана, - Чрнуче, Република Словенија;
(ii) ДСВ Роад д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Стружево 90, Крањ, Република Словенија, и

(iii) ДСВ Роад Аустриа АГ, со регистрирано седиште на адреса Готтфриед-Шенкер-Штрасе 1, Виена, Република Австрија.

Целниот имот опфаќа две категории на недвижности кои во моментот се во сопственост и кои ги користат горенаведените друштва, посредно или непосредно преку своите зависни друштва:

(i) Недвижности за продажба, и
(ii) Недвижности за продажба со повратен закуп.

Целниот имот се состои исклучиво од недвижности кои се наоѓаат во Хрватска и Словенија и кои првенствено се користат за складишни цели и како канцелариски простор.

Целниот имот не опфаќа недвижности кои се наоѓаат во Република Северна Македонија.

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар да се дефинира како пазар за управување со канцелариски простор и пазар за управување со индустриски објекти во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

15.07.2026 година
Скопје